Yarra Valley Water | a fresh approach

Macedonian

Fact Sheet

# Начини за плаќање

Yarra Valley Water нуди повеќе начини за плаќање кои одговараат на секоја ситуација.

Било да сакате да ја платите сметката во целост или на рати, ние ви нудиме начини на плаќање кои ви одговараат.

## Плаќање лично

Плаќање лично во продавница за весници – Побарајте го црвениот знак *Bill* EXPRESS® во продавниците за весници за да ја платите сметката во готово, со чек, со одбивање или кредитна картичка, или користете ги ServiceATM® лоцирани во повеќето супермаркети на Coles (само со картички). За локациите јавете се на **1300 739 250** или појдете на www.billexpress.com.au

Лично ќе можете да платите во било која експозитура на *Australia Post* во готово или со чек.

## Плаќање по телефон

- Со *кредитна картичка*, ако се јавите на **1300 362 332**, 24 часа во денот, 7 дена во неделата.
- *BPay*®, со користење на **Biller Code 1511**
- *Post Bill Pay*, ако се јавите на **131 816**. вашиот BillPay Code е **0874**

Вашиот број (reference number) се наоѓа позади на сметката..

## Плаќање по пошта

За плаќање по *пошта*, можете да испратите чек со делот кој треба да го откинете, а се наоѓа на долниот дел од сметката на: **Yarra Valley Water, GPO Box 2753, Melbourne VIC 3001.**

## Автоматско плаќање

Ние можеме да организираме сметката да ви биде платена автоматски.

- *Direct Debit,* плаќањата може да бидат одбиени директно од определената од вас банкарска сметка или кредитна картичка на секои две недели, месечно или на секои три месеци. Плаќањата ќе бидат одбиени на договорен ден и ќе може да се откажат со известување од 72 часа.
- CentrePay, е служба за плаќање достапна за клиентите кои добиваат плаќања од Centrelink. Се извршува на тој начин што сметката за вода се одбива директно од плаќањата на Centrelink. Плаќањата се можни само еднаш на две недели.

## Плаќање на интернет

- *BPay*®, е плаќање со користење на банкарско плаќање по интернет со претходно регистрирање кај вашата банка.
- *Post Bill Pay*, на www.postbillpay.com.au Регистрирајте се за да ги добивате сметките на интернет.

# Fact Sheet

## Easyway картичка за плаќање

За да ви олесниме со плаќањата ние нудиме повеќе флексибилни начини за плаќање. Ќе можете да извршувате редовни плаќања на секои две недели или еднаш месечно преку било кој од нашите начини за плаќање. Едноставно јавете се на 131 721 за да разговарате за можните решенија за плаќање.

## Попусти

Ако сте сопственик и живеете во станот или сте подстанар и сте носител на пензионерска или картичка за попуст, може да ви следува попуст на сметката за вода. Ако сакате да разговарате за можните попусти молиме јавете се на 131 721.

## Помош за клиентите

Ние развивме бројни програми за помош на клиентите кои имаат привремени или трајни потешкотии со плаќањето. Ние ги прилагодуваме програмите за помош во зависност од вашата ситуација, а тие вклучуваат посебни планови за плаќање и поттикнување, бесплатни финансиски совети, контрола за ефикасно користење на водата и посети кај вас.